16

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено / E pranuar: 31-07-2020
Орг.Един. / Njësia Org.: 25 | Број / Numër: 1512 | Прилог / Shtojcë: / | Вредност / Vlerë: /

**Влада на Република Северна Македонија**
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Здружение на граѓани за промовирање и заштита на културните и духовните вредности ЛЕГИС Скопје

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ОПИСЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

**МЛАДИТЕ ЗНААТ, МЛАДИТЕ МОЖАТ**

(Име на проектот)

Скопје, 29.06. 2020 година

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на договор за обезбедување финансиска поддршка | |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Здружение на граѓани за промовирање и заштита на културните и духовните вредности ЛЕГИС Скопје |
| Наслов на проектот | |

| | |
|---|---|
| | Младите знаат, младите можат |
| Период на спроведување на проектот | од --------- година до --------- година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | |
| Проектен менаџер | |
| Телефон и е-пошта за контакт | |
| Цел на проектот | Општата цел на проектот е преку промовирање на вредностите и придобивките на Охридскиот рамковен договор да придонесе кон придонесе кон изградба на култура на почитување на човекови права. |
| Целна група | Млади луѓе, младински организации, медиуми |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Национално<br><br>Обуките со лаборатории на идеи се спроведени во Скопје, Тетово и Струга |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 600,000 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 600,000 ден. |

**2. Резиме -** Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Проектот имаше за цел преку промовирање на вредностите и придобивките на Охридскиот рамковен
договор да придонесе кон придонесе кон изградба на култура на почитување на човекови права.

Специфични цели на проектот:

- да ја запознае јавноста со придобивките од Охридскиот рамковен договор;
- да ја промовира културната различност како една од најголемите вредности на современите
  демократски општества;
- промовира зголемено младинско учество во адресирањето на проблеми од заедничка грижа и
  реирањето на политиките на локално и национално ниво;
- промовира современи методи на неформално образование со млади луѓе.

Во рамките на овој проект беа одржани три работилници со лаборатории на идеи во кои учествуваа 60 млади луѓе. Дводневните работилници се одржаа во Скопје, Тетово и Струга, а учество земаа млади луѓе од сите осум плански региони на Република Северна Македонија. Помогнати од тим на обучувачи преку активности на критичко размислување и колаборативно учење, младите луѓе ги анализираа вреднистите и придобивките на Охрисдкиот рамковен договор, се здобија со напредни вештини за критичко размислување кои ќе им помогнат да ги деконструираат штетните екстремни наративи на кои се подложени во општеството.

Лабораториите на идеи им овозможија на младите луѓе работејќи во мултиетнички тимови да развијат идеи за локално активности кои ќе промовираат културна различност и придобивките од мултиетничко општество. Обуките со работилниците за идеи ги надминаа и првичните очекувања на организаторот. Поаѓајќи од анализа на придобивките од Охридскиот рамковен договор, младите луѓе работејќи во мали групи развија идеи за кампањи за подигнување на свеста за промовирање на културната различност како незаменливо богатство на современите демократски општества, како и неопходноста младите луѓе да се вклучат во изградба на инклузивно и правочно општество. Беа развиени девет идеи од кои повеќето беа искористени за кампањата за подигнување на свеста која беше реализирана преку социјалните медиуми и согласно аналитиката на социјалните мрежи пораките на младите учесници допреа до повеќе од 40,000 лица.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| Обука со лабораторија на идеи во Скопје | Дводневна обука со лабораторија на идеи на која учествоземаа 20 млади лица. На првиот ден од обуката учесниците ги анализираа вредностите и придобивките од Охридскиот рамковен договор. За време на вториот дел од настанот, преку активности на критичко размислување и колаборативно учење, учесниците се стекнаа со напредни вештини на критичко размислување, како и знаења и вештини како да планираат и имплементираат кампања за подигнување на свеста, односно како се идентификува целта на кампањата, порака која треба да се испрати, анализа на целните групи и идентификација на најсоодветни канали и алатки преку кои пораката треба да биде испратена. Во последниот дел од настанот, работејќи во мали мултиетнички тимови, учесниците развија идеи за потребите на кампањата за подигнување на свеста со која ќе се промовира културната различност како вредност и придобивка на современите демократски општества и се промовира зголемено учество на младите во изградба на инклузивни и поправично општество. | 14.02-15.02.2020 | 20 млади луѓе беа обучени и инспирирани да се вклучат во промовирање на вредностите и придобивките на Охридскиот рамковен договор.<br><br>20 млади луѓе се стекнаа со напредни вештини на критичко размислување.<br><br>20 млади луѓе се стекнаа со применливи вештини за планирање, креирање и спроведување на кампања за подигнување на свеста преку социјалните медиуми.<br><br>Учесниците работејќи во мали етнички мешани групи развија три идеи за потребите на кампањата за подигнување на свеста кај младите луѓе за потребата од нивна активна вклученост во изградбата на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | инклузивно и поправично општество. |
| Обука со лабораторија на идеи во Тетово | Дводневна обука со лабораторија на идеи на која учество земаа 20 млади лица. На првиот ден од обуката учесниците ги анализираа вредностите и придобивките од Охридскиот рамковен договор. За време на вториот дел од настанот, преку активности на критичко размислување и колаборативно учење, учесниците се стекнаа со напредни вештини на критичко размислување, како и знаења и вештини како да планираат и имплементираат кампања за подигнување на свеста, односно како се идентификува целта на кампањата, порака која треба да се испрати, анализа на целните групи и идентификација на најсоодветни канали и алатки преку кои пораката треба да биде испратена. Во последниот дел од настанот, работејќи во мали мултиетнички тимови, учесниците развија идеи за потребите на кампањата за подигнување на свеста со која ќе се промовира културната различност како вредност и придобивка на современите демократски општества и се промовира зголемено учество на младите во изградба на инклузивни и поправично општество. | 22.02-23.02.2020 | 20 млади луѓе беа обучени и инспирирани да се вклучат во промовирање на вредностите и придобивките на Охридскиот рамковен договор.<br><br>20 млади луѓе се стекнаа со напредни вештини на критичко размислување.<br><br>20 млади луѓе се стекнаа со применливи вештини за планирање, креирање и спроведување на кампања за подигнување на свеста преку социјалните медиуми.<br><br>Учесниците работејќи во мали етнички мешани групи развија три идеи за потребите на кампањата за подигнување на свеста кај младите луѓе за потребата од нивна активна вклученост во изградбата на инклузивно и поправично општество. |
| Обука со лабораторија на идеи во Струга | Дводневна обука со лабораторија на идеи на која учество земаа 20 млади лица. На првиот ден од обуката учесниците ги анализираа вредностите и придобивките од Охридскиот рамковен договор. За време на вториот дел од настанот, преку активности на критичко размислување и колаборативно учење, учесниците се стекнаа со напредни вештини на критичко размислување, како и знаења и вештини како да планираат и имплементираат кампања за | 29.02-01.03.2020 година | 20 млади луѓе беа обучени и инспирирани да се вклучат во промовирање на вредностите и придобивките на Охридскиот рамковен договор.<br><br>20 млади луѓе се стекнаа со напредни вештини на критичко размислување. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | подигнување на свеста, односно како се идентификува целта на кампањата, порака која треба да се испрати, анализа на целните групи и идентификација на најсоодветни канали и алатки преку кои пораката треба да биде испратена. Во последниот дел од настанот, работејќи во мали мултиетнички тимови, учесниците развија идеи за потребите на кампањата за подигнување на свеста со која ќе се промовира културната различност како вредност и придобивка на современите демократски општества и се промовира зголемено учество на младите во изградба на инклузивни и поправично општество. | | 20 млади луѓе се стекнаа со применливи вештини за планирање, креирање и спроведување на кампања за подигнување на свеста преку социјалните медиуми.<br><br>Учесниците работејќи во мали етнички мешани групи развија три идеи за потребите на кампањата за подигнување на свеста кај младите луѓе за потребата од нивна активна вклученост во изградбата на инклузивно и поправично општество. |
| Кампања за подигнување на свеста за неопходноста од зголемено учество на младите луѓе во изградба на правично и инклузивно општество и промовирање на културната различност како придобивка и незаменлива вредност на современите демократски општества | Врз основа на идеите развиени од учесниците на обуките со лаборатории на идеи одржани во Скопје, Тетово и Струга преку социјалната мрежа Facebook беше организирана кампања за подигнување на свеста кај младите луѓе за потребата активно да се вклучат во креирање на инклузивно и поправично општество. Идеите обработија неколку различни теми од грижа на младите – промовирање на културна различност, спречување и заштита од дискриминација, родова еднаквост, спречување на насилство, борба против исламофобија. | Кампањата се спроведе во периодот мај/јуни 2020 година. | Кампањата за подигнување на свеста во рамките на која со користење на креативни методи и алатки, учесниците ги испратија до пошироката јавност нивните пораки, ставови и мислења поврзани со прашања од интерес и грижа на младите допреа до повеќе од 40,000 лица. |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Сите активности беа имплементирани успешно, со предвиденото времетраење, број на учесници и ги постигнаа специфични цели и очекувани резултати.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Согласно планот за видливост и дисеминација, проектот беше промовиран преку социјалните медиуми и објавите за проектот согласно аналитиката на социјалните медиуми допреа до повеќе од 40,000 лица. | 23849<br>28038<br>330<br>9<br><br>227 | 1<br>1<br>1<br>1<br><br>1 | https://www.facebook.com/mladitesk/posts/114832480251349<br>https://www.facebook.com/watch/?v=1602511889897227<br>https://www.facebook.com/mladitesk/posts/128057645595499<br>https://www.instagram.com/p/CA73HQPnzqG/?igshid=1ptytqkpby79n<br>http://www.legis.mk/news/2772/mladite-znaat-mladite-mozhat |
| | | | |
| | | | |

**6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот**

Проектот успеа да ја постигне општата цел, односно преку промовирање на вредностите и придобивките на Охридскиот рамковен договор да придонесе кон придонесе кон изградба на култура на почитување на човекови права. Преку активности на критичко размислување, учесниците не само што ги анализираа придобивките од Охридскиот рамковен договор туку продреа и во неговата суштина да ја промовира културната различност како вредност и придобивка на современите демократски општества и да придонесе кон изградба на инклузивно и поправично општество. Од спроведената евалуација несомнено произлезе дека проектот ги постигна и планираните специфични цели, особено во делот на успешно промовирање на современи мероди на неформално образование со млади луѓе и зголемено младинско учество во адресирање на проблеми од грижа и интерес на младите. Идеите кои беа развиени за време на лабораториите на идеи, адресираат бројни аспекти и предизвици со кои се соочува општеството од аспект на еднаквоста и спречувањето на дискриминација (родова еднаквост, спречување на дискриминацијата и стигматизацијата, искоренување на насилството, сузбивање на предрасудите и говорот на омраза, потребата од интензивирање на комуникацијата и интеракцијата помеѓу припадниците на различните заедници и.т.н.).

Активното учество на сите 60 учесници во осмислување и реализацијата на кампањата за подигнување на свеста, нивната креативност и искажаниот интерес за понатамошен анганжман во адресирање на проблемите кои се од нивна грижа и интерес, од една страна укажуваат на оправданоста на методите на неформално образование кои беа применети (а кои оставаат доволно простор на младите луѓе да раководат со процесите), а од друга страна иницираа развивање на нови проекти кои се засноваат на идеите кои ги развија младите луѓе за темите и проблемите кои се од нивна грижа и интерес, односно планирање и имплементација follow-up активности на кој начин ќе се обезбеди одржливост на проектот.

## 7. Финансиски извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Буџетот на Предлог-проектот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **I. Вработени (вкупно)** | **177778** | **177778** | |
| Плати | 160.000 | 160.000 | |
| Придонеси и даноци од плати | 17.778 | 17.778 | |
| Надоместоци и хонорари | | | |
| Придонеси и даноци од надоместоци и од хонорари | | | |
| **II. Патни трошоци (вкупно)** | **20000** | **20000** | |
| Транспорт | 20000 | 20000 | |
| Хотелско сместување | 0 | 0 | Дозволена пренамена од оваа ставка во VII.2. од 36000 денари |
| Дневници | | | |
| **III. Опрема (вкупно)** | | | |
| ИТ - опрема | | | |
| Мебел | | | |
| Друга опрема (специфицирај) | | | |
| **IV. Канцелариски материјали (вкупно)** | | | |
| Канцелариски материјали | | | |
| Други трошоци (специфицирај) | | | |
| **V. Други директни трошоци (вкупно)** | **1222** | **1222** | |
| Трошоци за комуникација Интернет | | | |
| Банкарски провизии | 1222 | 1222 | |
| **VI. Индиректни трошоци (вкупно)** | **42000** | **42000** | |
| Користење канцеларија | 32000 | 32000 | |
| Други индиректни трошоци (специфицирај) | 10000 | 10000 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **VII. Специфични трошоци поврзани со програмата (вкупно) -** *искористете ги овие ставки и, доколку е потребно, додадете детали или ставки што се релевантни за вашата програма* | **359000** | **352358** | |
| Договори за услуги | | | |
| Изнајмување простории за организирање настани | 26000 | 28340 | |
| Публикации | 196000 | 187518 | |
| Конференции и работилници | 15500 | 15000 | |
| Комуникациски продукти | 13500 | 13500 | |
| Нето хонорари за обучувачи на работилниците (2 обучувачи, 9 консултантски денови за секој обучувач) | 97200 | 97200 | |
| Придонеси и данок на хонорари за обучувачи | 10800 | 10800 | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI+VII)** | **600.000,00** | **593358** | |

**8. Документација**
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 11 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Скопје, 30. 06. 2020 год.
(Место) (датум)

Јасмин Реџепи, претседател
(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата)

М.П.

(Потпис)